| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Патот на четирите годишни времиња |
| **Содржина на денот** | Четири годишни времиња |
| **Возраст** | 3-4 години |
| **Воспитувач** | Весна Спасова |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор на тема - како треба да се грижиме за сопственото здравје во секое годишно време. |
| **Активности** | За денешна активност со Вашите деца може да одберете да ги запознаете со промените на природата во четирите годишни времиња. Користете детски енциклопедии, слики или едукативни документарни филмови за деца на интернет, преку кои тие ќе имаат можност да добијат подобри визуелни престави за природата. Потоа пронајдете слики или превземете ги од интернет или пак нацртајте ги сами и од нив направите сложувалки и понудете им ги на децата да ги сложат. Додека играте разговарајте со децата да ви опишат што гледаат, да препознаат и да именуваа кое годишно време е на сликата. Сликите кои ги користите треба да бидат со едноставни прикази разбирливи за децата. Потоа понудете им на децата лист од блок и поделете го на четири дела и на секој дел во ќошот залепете апликација која ќе го означува годишното време. Во секој дел според сликичката треба да нацртаат мотиви од четирите годишни времиња.<br>Како дополнување на оваа активност со децата заедно слушајте ја песната „ Годишни времиња“ од детскиот фестивал Златно славејче - 2015 години. |